МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО - БИТОЛА

ISSN 1857-940X

# Современи дијалози

Списание за култура - литература, драмска уметност, филм и издаваштво



X (10) 2022 10

CONTEMPORARY DIALOGUES

МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО – БИТОЛА
ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА – ЛИТЕРАТУРА,
ДРАМСКА УМЕТНОСТ, ФИЛМ И ИЗДАВАШТВО

ISSN 1857- 940X

# СОВРЕМЕНИ ДИЈАЛОЗИ

Списание за култура – литература,
драмска уметност, филм и издаваштво

Год. X, бр. 10

БИТОЛА
2022 г.

**СОВРЕМЕНИ ДИЈАЛОЗИ**
**– Списание за култура – литература, драмска уметност, филм и издаваштво**

10 2022
ISSN 1857- 940X

**Издавач:**
МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО – БИТОЛА
Центар за култура – литература, драмска уметност, филм и издаваштво

**За Македонското научно друштво:**
доц. д-р Невена Груевска, претседател

**За Центарот за култура:**
Петре Димовски, претседател

**Редакција:**
проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска, главен и одговорен уредник
Весна Мундишевска-Велјановска
вонр. проф. д-р Силвана Нешковска
Елизабета Јончиќ

**Меѓународен уредувачки одбор:**
проф. д-р Звонко Танески (Словачка)
Раед Анис Ал-Јиши (Саудиска Арабија)
м-р Жарко Милениќ (Русија и Босна и Херцеговина)
проф. д-р Тземин Итион Тсаи (Тајван, Република Кина)
проф. д-р Том Филипс (Велика Британија)
вонр. проф. д-р Мичо Нонака (Јапонија и САД)
Искра Пенева (Србија)
проф. д-р Су Цен Лин (Тајван, Република Кина)

**Уредувачки совет на МНД:**
д-р Никола Главинче, претседател
проф. д-р Наташа Мојсоска
д-р Екатерина Михелькис
проф. д-р Лидија Стефановска
проф. д-р Марија Котевска-Димовска

## СОДРЖИНА/ CONTENT

**ПРЕДГОВОР/ PREFACE** 5

**ПОЕЗИЈА/ POETRY**

Славица Дабевска Ќировска/ Slavica Dabevska Kirovska 13
Дојле, Писање
Трајче Кацаров/ Trajche Kacarov 15
Песни за голиот живот
Стефан Марковски/ Stefan Markovski 17
II. Ars Dionysica vs. Ars Apollonica
Никола Маџиров/ Nikola Madzirov 20
Епохите на копнежот, Совршеноста на заборавените, Обичната летна ноќ
Петар Наневски/ Petar Nanevski 22
Сонцерт: Корени на небото, Нота, Дијана во лов
Силвана Нешковска/ Silvana Neshkovska 23
Протестна нота, Како дознав, Метаморфоза
Олга Панкина/ Olga Pankina 26
Облак, езеро, кула, Поетски натпревар, Круши, праски и праши
Зоран Пејковски/ Zoran Pejkovski 28
Рагатка на убавината, Жената и океанот, Патот на молскавицата,
Сончева револуција, Свето писмо, Животворно слово на убавината
Милица Радевска/ Milica Radevska 31
Привид, Облакот и месечината, Дијалог, Стрелби и делби, Во 2022 -две 22,
Фејсбук конекција
Гордана Стојаноска/ Gordana Stojanoska 34
Извадок од поемата „Клучевите"
Биљана Т. Димко/ Biljana T. Dimko 38
11 Октомври, 1+1=3

**ПРОЗА/ PROSE**

Даниела Андоновска-Трајковска/ Daniela Andonovska-Trajkovska 41
Украден сон, Видело
Петре Димовски/ Petre Dimovski 45
Неиасетни тајни на електриката
Димитрие Дурацовски/ Dimitrie Duracovski 49
Работ на темнината
Златко Жоглев/ Zlatko Zhoglev 54
Света Криза
Томислав Османли/ Tomislav Osmanli 56
Исчезнато
Игор Поп Трајков/ Igor Pop Trajkov 69
Пријател
Михајло Свидерски/ Mihajlo Sviderski 74
Извадок од романот „Синовите на Адам"

**ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ/ CHILDREN'S LITERATURE**

**ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ/ CHILDREN'S LITERATURE**

Љубинка Донева/ Ljubinka Doneva 79
Надежите на една овца, И друга овца, Коњ, Лав, Слон, Крава, Зебра, Жирафа, Камила
Никола Илијовски/ Nikola Ilijovski 82
Гратче од шега, Стариот волшебник, Фрижидер, Жирафата астроном

Весна Мундишевска-Вељановска/ Vesna Mundishevska-Veljanovska 85
Тап-тап, Туркаица, Спанко, Мелоди, Волчицата Вајка
Горјан Петревски/ Gorjan Petrevski 88
Реформатор во осмо - седум, Момчето од периферија
Стојан Тарапуза/ Stojan Tarapuza 95
По патот на успехот, Силата на зборовите, Детството е златно време,
Што имаат двајца, Вртимушка, Кој што е, Ж е во ЖАРЧЕ, Каде одат сонишата

## ДРАМА/ DRAMA

Марјан Анѓеловски/ Marjan Angelovski 101
Фрагмент од драмата „Животот е краток и нејасен“

## ИНТЕРВЈУ/ INTERVIEW

Диме Ратајкоски/ Dime Ratajkoski 109
Хабиб Тенгур: „Препознав дека сум поет“

## ПРИКАЗИ, ОСВРТИ, КНИЖЕВНИ КРИТИКИ, РЕЦЕНЗИИ.../ REVIEWS, LITERARY CRITICS...

Јованка Денкова/ Jovanka Denkova 117
Синергија на елементите: вода-оган-воздух-ветер во романот
„Мраз во пламенот“ од Евгенија Н. Веровска
Елизабета Јончиќ/ Elizabeta Jonchikj 131
„Денот кога го изедовме Бог“ – чекори кон самоспознавањето и вистинската
природа на болката
Марија Младеновска-Димитровска/ Marija Mladenovska-Dimitrovska 135
Херметичкиот круг на Јунг и Хесе
Елена Пренџова/ Elena Prendzova 137
Подемот и падот на кучешката генетика што тече низ човековите вени
Бобан Ристевски/ Boban Ristevski 152
Уште повеќе записи за хаикуто
Мирјана Стојановска/ Mirjana Stojanovska 154
Современ уметнички пристап со ненаметливи едукативни нијанси
на тинејџерска тема
Васил Тоциновски/ Vasil Tocinovski 156
Невидливиот Рацинов погибел

## ПРЕВОДИ / ПРЕПЕВИ

Зора Русомарова/ Zora Rusomarova 165
Шарл Бодлер - „Слепците“

## ПАРАЛЕЛИ/ PARALLELS

Јаред Ајала/ Yared Ayala 173
Морска птица, Жена на прагот
Ида Борјел/ Ida Börjel 175



**Јованка Денкова** **Jovanka Denkova**
УДК 821.163.3-31(049.3)

# СИНЕРГИЈА НА ЕЛЕМЕНТИТЕ: ВОДА-ОГАН-ВОЗДУХ-ВЕТЕР ВО РОМАНОТ „МРАЗ ВО ПЛАМЕНОТ“ ОД ЕВГЕНИЈА Н. ВЕРОВСКА

Абу Зубиер/ Abu Zubier 181
Сомнеж, Никогаш не верував во поетите
Хакија Кариќ/ Hakija Karić 183
Прости ми (граду), Градски крвоток, Лудост на потрагата
Тин Лемац/ Tin Lemac 185
Текст, Маките на еден критичар, Што сѐ може да биде чудно, Утре
Зу Лианан/ Zou Lian'an 187
Ваза, Темнина
Кетлин Марис Палтринери/ Kathleen Maris Paltrineri 189
1- Венера, 2- Следно
Иво Мијо Андриќ/ Ivo Mijo Andrić 191
Залушница
Жарко Миленкиќ/ Žarko Milenić 195
Дарови
Билјана Миловановиќ Живак/ Biljana Milovanović Živak 197
Ти, меѓутоа, стоиш над широката река, Кули во воздух и морска пена,
Врски и врскички
Аксинија Михаилова/ Aksinija Mihailova 199
& & &, & & &, & & &, Различните вкусови
Власта Младеновиќ/ Vlasta Mladenović 202
Бука од Фејсбук и гласот на осаменоста: Драматичната коб, Само песна
и ништо друго, Варварите сигурно ќе дојдат, Главна вест: поезија
Алеш Мустар/ Aleš Mustar 204
Прегратки, Пролетна, Драг деде
Душко Новаковиќ/ Duško Novaković 207
Мигови, Со мојата песна за тебе, Натоварен
Виктор Радун Теон/ Viktor Radun Teon 209
Како да ја пронајдам формулата, Скршено огледало
Рејчел Роуз/ Rachel Rose 211
Птици, Крајот на љубовта
Аки Салмела/ Aki Salmela 213
Острига, Октопод, Крокодил, Мува, Пеперутка, Лав, Овца, Пајак
Јурај Толентино Хевија/ Yuray Tolentino Hevia 215
Како беше?, Две гардении, Свртувањето
Џанг Џи/ Zhang Zhi 217
Божјите стапала, Божјиот прстен на палецот, Ера на ракописите



**Јованка Денкова** **Jovanka Denkova**

УДК 821.163.3-31(049.3)

## СИНЕРГИЈА НА ЕЛЕМЕНТИТЕ: ВОДА-ОГАН-ВОЗДУХ-ВЕТЕР ВО РОМАНОТ „МРАЗ ВО ПЛАМЕНОТ“ ОД ЕВГЕНИЈА Н. ВЕРОВСКА

Книгата „Мраз во пламенот“ е дебитантска книга на Е.Н.Веровска[1], објавена како издание на МУЗА, во 2021 година.Тоа е прва книга од серијата *Наследници*, а следната книга од оваа серија е со наслов „Искра во мракот“, објавена, исто така, во 2021 година. Во творештвото на младата авторка Веровска се чувствува влијанието на нејзината најголема инспирација, книгите од писателот Џ.Р.Р.Толкин.

Доколку се обидеме поблиску да го одредиме жанрот на кој му припаѓа оваа книга која според возрасната граница припаѓа на т.н. литература за млади (адолесцентска, YAL...), уште на прв поглед ќе се одреди дека книгата припаѓа на жанрот "епска фантастика", за што ќе дадеме соодветна елаборација за елементите кои го одредуваат овој поджанр од фантастиката.

### ДЕФИНИРАЊЕ НА ЖАНРОТ „ЕПСКА ФАНТАСТИКА“

Нашите литературни раскопки кон истражување на овој необичен литературен поджанр ќе ги започнеме со искажувањето на Хенсон (Henson) дека додека жанрот на фантастиката како целина датира од античките времиња во митологијата и фолклорот, епската фантастика е релативно нова категорија на литература, привлечна за популарната култура дури по 1950-тите

[1] Е.Н.Веровска е родена на 10 февруари 2001 година во Охрид. Во моментов студира на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

кога е објавена трилогијата на Џ.Р.Р. Толкин „Господарот на прстените“.[2] Што се однесува до епската фантастика, на неа не смее да се гледа како на минорен жанр кој треба да се наоѓа на маргините на литературата, од причина што таа третира многу комплексни теми. Според Tiago Santuário Da Silveira, таа претставува критика на општеството во сите негови сфери.[3] Henson ја дефинира фантастиката преку сетингот, па според тоа таа прави и своевидна класификација на епската фантастика: „Епска фантастика е жанр дефиниран според неговиот опсег и херојските авантури на неговите ликови, но најтемелно е дефиниран според неговиот сетинг. Има широк спектар на поджанрови во фантастиката како целина, категоризирани обично според видот на светот во кој е сместена приказната, видот и опсегот на магијата во него, како и според видовите фантастични суштества.[4] Sheilla Egoff, исто така, нуди прецизна дефиниција: „Епската фантастика главно се занимава со бескрајната битка помеѓу Доброто и Злото што се води во широки, но добро дефинирани пејзажи... Епската фантастика ја води повисока цел. Таму има светови кои треба да се добијат или изгубат, а протагонистите се впуштаат во длабоко лична и речиси верска битка за општо добро“.[5] Patricia Smith ја повторува дефиницијата на Egoff, опишувајќи ја детската епска фантастика како „вид на сериозна фантазија која има митски призвук, во која се водат битки за живот и смрт меѓу доброто и злото и во која младите протагонисти мора да преземат критични задачи. Овие задачи се постигнуваат преку некоја форма на магија, мистерија, а не малку и хаос“[6].

## ОСВРТ КОН РОМАНОТ„МРАЗ ВО ПЛАМЕНОТ“ ОД ЕВГЕНИЈА Н.ВЕРОВСКА

Првите неколку глави од романот претставуваат еден вид на вовед, запознавање на читателот со главните протагонисти како носители на дејството и со нивните моќи. Обединувачки фактор заради кој ќе се пронајдат сите овие протагонисти и ќе стапат во меѓусебна соработка е Шол̓ лоз, новопрогласениот владетел на новиот свет. Романот ни се отвора со сликата на терасата на тврдината Истард во царството Ноднор, кое е дел од кралството Атанара. Останатиот дел од ова кралство го сочинуваат Абзог, Скиртабел, Ариес, Гардарен и Гринкип. Во Ноднор се запознаваме со Шол̓ лоз и неговиот посвоен (небиолошки) син Ејпокс. Кај Шол̓ лоз се забележува гордост заради завршетокот на војната во која извојувал победа, но исто така му се наметнува и дилемата за престолонаследникот-викинг Дејмон кој го оставил жив, без да ја знае причината која го натерала на тоа. Иако низ целиот роман Шол̓ лоз ни е претставен како тиран, деспот и манипулатор, сепак видливо е дека и покрај извојуваната победа, кај него отсуствува чувството на среќа. Зад него, во минатото, уште е жив споменот на едни минати времиња, кога бил среќен со сакаlistата Акасиа.

Следната глава ни го открива протагонистот Дејмон, затворен во камената кула на Истард, додека стравува за својата иднина, но и се обидува да пронајде начин за бегство: „Се прашуваше зошто Шол̓ лоз не го уби и него. Можеби ова беше негов вид на шега за да го понижи уште повеќе. Можеби сакаше да направи спектакл од неговата смрт. Само се надеваше дека тој спектакл нема да го вклучува „крвавиот орел“. Подголтна...(10)[7]. Веќе во оваа глава ни се

---

[2] Leah Henson, From the Shadows: Setting as an Expression of Character Development in the Epic Fantasy Genre, A Senior Thesis submitted in partial fulfillment of the requirements for graduation in the Honors Program, Liberty University, Spring 2020. https://digitalcommons.liberty.edu/honors/956/ (17.01.2022).

[3] Tiago Santuário Da Silveira, The Role of John Milton’s Paradise Lost in delineating the Epic through fantasy in Philip Pullman’s His Dark Materials. 2015, 47, Trabalho de Conclusro de Curso (Licenciatura em Letras Portuguks Inglks) - Universidade Tecnolygica Federal do Paranб. Curitiba, 2015., http://repositorio.utfpr.edu.br/jspui/bitstream/1/8927/1/CT_COLET_2015_2_15.pdf, 17.01.2022)

[4] Leah Henson, From the Shadows: Setting as an Expression of Character Development in the Epic Fantasy Genre, Senior Honors Thesis, Liberty University, Spring 2020, https://digitalcommons.liberty.edu/honors/956/ (17.01.2022)

[5] Sheila Egoff, Worlds Within: Children’s Fantasy from the Middle Ages to Today. Chicago: American Library Association, 1988, p.6.

[6] Karen Patricia, Smith. “Tradition, Transformation, and the Bold Emergence: Fantastic Legacy and Pullman.s His Dark Materials.” His Dark Materials Illuminated: Critical Essays on Philip Pullman’s Trilogy. Ed. Millicent Lenz and Carole Scott. Detroit: Wayne State UP, 2005. 135-151.

[7] Евгенија Н.Веровска, Мраз во пламенот, Муза, Скопје, 2021. (Броевите во заграда го означуваат бројот на страницата од која е посочениот цитат.)

открива главниот агенс кој ги придвижува протагонистите – магијата која е жива и активно се користи: „Проба да ја разбие дупката што служеше како прозорец, но и на неа беше фрлена истата заштитна магија, како и на оловната врата“ (11). Внесувајќи го ликот на викингот Дејмон и сведоштвото за постоењето и практицирањето на казната „крвав орел“[8], авторката Веровска постигнува веродостојност на своето кажување, зашто истовремено го ситуира дејтвото на својот роман во едни минати, историски засведочени времиња – времето на викинзите.[9] Казната која се споменува – крвавиот орел,[10] била практицирана токму од нив врз нивните најлути непријатели, и важела како исклучително сурова.[11]

Почетокот на придвижувачкото дејство во романот е означен со бегството на Дејмон од затворот во шумата, благодарение на неговата моќ, која се активира со помош на гневот кој го чувствува. Престојувајќи во прекрасниот амбиент на една шумска пештера, преку интроспективните излети на Дејмон во минатото, ни се разоткрива дел од неговата семејна историја, за насилната смрт на мајката, за нејзината магиска моќ која и тој ја наследил, за стравот на неговиот татко од магијата, заради што и ја забранил на цела територија на царството Атанара. Со оваа секвенца ни се открива дека магијата во овој роман ќе биде сеприсутен елемент како дел од природата, натприродни сили/суштества или кај самите протагонисти.

Во овој дел од романот, во секоја глава од него, авторот нè запознава со главните протагонисти и нивните меѓусебни контакти, за во вториот дел да обезбеди нивна средба. Во еден дел од кралството Абзог, во гратчето Аноимрех, живее девојката Нимуе Филитеа, сираче, чиј татко бил убиен од викинзите, а мајка ѝ била погубена по наредба на кралот заради моќта која ја поседувала и која била наследна. Пред да ја одведат, мајка ѝ ја сокрила Нимуе од војниците: „Ја уби бидејќи имаше страв од секоја врска со магијата. Тој не знаеше за Нимуе, ни за нејзината моќ, па таа успеа да се спаси тој ден“ (13). Стравот на тогашниот крал од магијата, ќе ја натера Нимуе да продолжи да живее осаменички живот и да ја крие својата моќ, но желбата да помогне на девојче во опасност, ја доведува во ситуација да се разоткрие: „Нимуе беше на само три чекори од девојчето кога една гранка од високот дрво над неа се открши и почна да паѓа директно врз девојчето... Ја насочи десната рака кон гранката што паѓаше и замижа. Навлезе длабоко во себе конечно ослободувајќи ја моќта која тивко чекаше таму. Гранката во еден момент паѓаше со полна брзина кон нив, а веќе во следниот целосно смрзна и се распрсна на илјадници мали парчиња“ (14). Стравот од магија кај луѓето, а уште повеќе од забраната за примена на истата, ќе ги натера луѓето да ја прогонат: „Сите зачудено и исплашено гледаа во Нимуе. Некој дури и викна: „Таа е вештерка!“(14). Бегството во шумата се покажува како единствена опција и таму ќе биде и топосот во кој и Дејмон, по бегството од тврдината ќе побара заштита. Тоа е местото каде, бегајќи од војниците од Абзог, кои и двајцата ги прогонуваат, ќе се сретнат и нивните моќи/енергии ќе се препознаат: „Застана за момент  и тогаш ја здогледа неа. Црвенокосата девојка, која му го одзеде здивот само што ја виде...Конечно запозна некој сличен на себе. Но тогаш сфати. Таа не беше како него. Таа беше спротивното од него. Ако некогаш му се спротивставеше, можеби имаше шанса и да го уништи. (24, 26)“. И Нимуе, како и Дејмон, ќе ја почувствува неговата необичност: „Тој ја погледна. Во очите му се криеше искра, која ѝ се чинеше дека ѝ продира низ кожата. Ѝ се насмевна. Неописливо ѓаволеста насмевка. Му ја возврати насмевката. Ако умре во наредните минути, барем виде едно од најубавите лица во Атанара...Но потоа го погледна Дејмон, ги виде неговите темни црти и длабоки мистериозни очи. Ја почувствува моќта како полека ѝ се враќа во крвта. Тој ѝ даваше сила. Го чувствуваше

[8] Alexandra McKenna and John Broom, Norsemen and Vikings: The culture that inspired decades of fear, Introduction to Historiography and Method, The 2014 WEI International Academic Conference Proceedings New Orleans, USA https://www.westeastinstitute.com/wp-content/uploads/2014/11/Alexandra-Mckenna2.pdf , 30.09.2021

[9] Anders Winroth, The Age of the Vikings, Princeton University Press, 2014.

[10] Roberta Frank, Viking Atrocity and Skaldic Verse: The Rite of the Blood-Eagle, The English Historical Review Vol. 99, No. 391 (Apr., 1984), pp. 332-343.

[11] „Крвавиот орел“, најстрашниот метод на тортура што го користеле Викинзите. Легенда или вистина?
https://mk.koshachek.com/articles/krvskiot-orel-najuzhasniot-metod-na-tortura-shto.html, пристапено на 29.09.2021

студенилото на мразот како полека ѝ се лизга и ја скокотка по прстите. Моќта ѝ се врати“ (25, 26). Заедничката неволја, војниците кои ги прогонуваат, ги обединува и, тие се принудени да ја употребуват својата моќ: „Кога ги отвори очите, Нимуе го виде единственото нешто кое не очекуваше да го види. Не го очекуваше ни чувството што ја обзеде кога го здогледа тоа. Еден дел од шумата беше целосно замрзнат, додека другиот гореше. Мразот се вклопуваше со огнот на половина од шумата“ (27).

Во друга населба од истото царство живее девојката Галисин Каилани. И нејзината судбина е скоро идентична како онаа на Нимуе, и таа е сираче кое живее со вујкото, алчен и безобзирен трговец. Авторката Веровска ни дава убав портрет на оваа необична девојка: „Галисин беше млада девојка, имаше долга светловиолетова коса и големи сини очи, длабоки како океанот. Обожаваше да чита, па затоа слободното време го користеше за читање разноразни книги. ...Секако, нејзиниот вујко беше против читање на какви било книги и секогаш ѝ викаше дека книгите не се за девојки, па затоа Галисин мораше тајно да прави сѐ што ја усреќува“ (15). Нејзината убавина и животот во ропска положба ја забележува Ејпокс (посвоениот син на Шоллоз) и решава да ја спаси оттаму со тоа што ја купува од алчниот вујко и ја носи во својата скришна тврдина во Скиртабел. Уште при првата средба Галисин е восхитена од неговиот изглед, без да знае дека е дојден кај вујко ѝ за да ја купи: „Кога ја отвори вратата, пред неа стоеше еден млад човек облечен во војнички оклоп. Беше убаво и привлечно граден, но имаше нешто во врска со него, кое таа не можеше да го смести никаде. Ја полазија морници по целото тело. Имаше кафена коса и кафени очи, но како во нив да се беше скрил цел еден свет. Сјаеја во сите бои“ (16).

Ејпокс, пак, чувствува одбојност кон владетелот Шоллоз, иако е негов посвоител, особено од неговиот нечовечки однос. И самиот Шоллоз не го сака Ејпокс и го чува до себе, но е и претпазлив кон него. Овде ни се открива уште еден скриен мотив кај Шоллоз, а тоа е дека тој трага по некаква тајна состојка за бесмртност, што е уште една карактеристика и доказ за присуството на чудесното во оваа книга: „...Шол'лоз го чуваше Ејпокс само за да има престолонаследник. Ако ја најдеше тајната состојка за бесмртност, по која долги години трагаше, Ејпокс не би му бил веќе потребен. Многу имаше читано за бесмртноста. Ги беше прочитал сите документи од античките писатели, но никаде не најде точна формула. Бараше многу научници кои би можеле да му помогнет. Колку и да се трудеше да стигне до формулата, кога беше најблиски, се расипуваше. Тоа го излудуваше повеќе отколку Дејмон.“ (43). Токму заради тоа, самиот Шоллоз интимно и необјасниво е приврзан кон Дејмон, зашто ја знае неговата огнена деструктивна моќ, која му е вродена, додека пак на Шоллоз му требало време да ја развие истата моќ кај себе: „Моќта која Шол'лоз со големо измачување ја стекна во текот на годините, на Дејмон му беше вродена“ (43).

Во понатамошниот тек на романот се открива дека токму Ејпокс е организатор на отпорот против Шоллоз и водач на движењето наречено *Ноќна магла*. Во еден дел од кралството Атанара, познато како Скиртабел (во местото Гринкип), тој создал свое кралство, кое во многу нешта се разликува од останатиот дел со кој владее Шоллоз: „И на нејзино големо чудење, сите изгледаа среќни и задоволни. Не здогледа сиромашни луѓе. Пекарите, сопствениците на продавници, цвеќарите и сите останати беа на исто нивно. Немаше никаков вид на монархија. Народот на Ејпокс беше среќен...Немаше ѓубре наоколу. Реката што течеше преку градот, не беше загадена, рибарите уживаа ловејќи риби, а имаше и млади парови, кои пловеа во гондоли по неа. ...Како што им кажа Галисин, никој од нив не плаќаше данок...“ (109). Слободарскиот дух кој го негува Ејпокс и во неговото царство во Скиртабел е видлив и од неговиот однос кон Галисин, откако ја купува од вујко ѝ: „Ти ја имаш твојата слобода. Јас те купив, но нема да те чувам како робинка. Во моментов можеш да одиш каде сакаш сѐ додека си безбедна. Животот со мене ќе биде твој избор. Но те молам остани барем една недела. А потоа, ако не ти е добро овде со мене, слободно можеш да заминеш“ (33)

Уверувајќи се дека не е киднапирана и заклучена, Галисин се опушта и го истражува замокот на Ејпокс, при што на подот од библиотеката пронаоѓа чудна мапа на целото царство: „Оваа библиотека не беше како секоја вообичаена библиотека. Во нејзиниот центар, кој беше во облик на круг, имаше нацртано мапа на цела Атанара, до детаљ. Но кога Галисин се приближи, нешто ѝ изгледаше многу чудно. Како целата мапа да беше жива, можеше да го види секој детаљ, секоја река, секое селце и секоја куќа насекаде. А сепак, кога погледна во центарот на земјата,

во Аритес можеше да види само шума, шума и ништо повеќе, ни една куќа, ни што. Само бескрајно зеленило, кое во еден негов дел гореше и замрзнуваше во исто време. '-Ова не е возможно' – сама за себе си рече Галисин. Како што ја гледаше шумата, забележуваше дека местото каде што гореше и замрзнуваше истовремено, полека се смалуваше сè додека не го снема. Се приближи до мапата, ја допре со раката каде што беше мразот, и во тој момент мапата се приближи до самото место, до самиот настан. Насреде шумата имаше две лица со качулки, облечени во поинаква облека од кој било човек, кого Галисин го беше сретнала. И одеднаш и луѓето со качулки ги снема, како што ги снема огнот и мразот, како да испарија во воздух" (58). И овој елемент – *живата мапа*- е од сферата на чудесното, зашто сите ја немаат моќта да ги гледаат живи и придвижени предметите кои се нацртани на неа.

По запознавањето со двата пара (Нимуе и Дејмон/ Галисин и Ејпокс), авторката Веровска нè запознава и со третиот, почнувајќи со девојката Алмина, која живее во Гардарен: „Убава и привлечна девојка, која уште како мала остана сираче и почна да учи боречки вештини. Не ѝ требаа за одбрана, во времето на викинзите, ако не користиш магија, си соема безбеден. Алмина имаше црна коса, која секогаш ја носеше кратко потстрижана, до рамената. А очите ѝ беа толку темни, што на моменти не можеше да ѝ се раздвојат зениците од ирисите" (18). Она по што е необична Алмина уште на прв поглед, заради што „ја исмеваа, за нејзините зашилени уши, налик на елф" (19). Но, она пак, по што се издвојуваат сите претходно посочени ликови во романот на Веровска е фактот што во моментот тие се сами, сираци кои не го знаат своето потекло, или сираци кои ги загубиле своите најблиски, најчесто од власта. И тоа е придвижувачката сила, која ги движи напред во авантури, опасни потфати –жедта за одмазда. И Алмина не е исклучок од тоа правило: „Нападот дојде неочекувано. Алмина брзо се скри под креветот кога луѓето едноставно влегоа во нивната куќа, го зедоа брат ѝ, а мајка ѝ ладнокрвно ја убија. Последното нешто што Алмина го слушна од мајка си, беше: 'Шоллоз... Те молам'" (18). Токму тоа име ќе ја одржи Алмина во живот додека не порасне, а кога ќе слушне дека новиот крал го носи тоа име, го напушта родното место и ја почнува својата одмаздничка одисеја. Еве го портретот на Алмина: „Алмина, како девојка која израсна сама, беше добро одржана. Имаше полни дваесет и една година и сè уште си ги имаше зашилените елфовски уши. Освен зашилените уши, од татко ѝ како 'наследство' ѝ остана тетоважата на средниот прст. Иако всушност не знаеше ништо за својот татко, мислеше дека учите и тетоважата ѝ се наследство од него. Мајка ѝ не поседуваше ни едно од двете. Тетоважата, како што Алмина беше заклучила, сјаеше кога таа ќе се исплашеше или ќе се возбудеше. Не знаеше што значи, но ја беше прифатила онаква каква што е" (37-38). Во моментот кога минува низ шумата го забележува уништувачкиот пожар предизвикан од магијата на Дејмон, а во шумата се среќава и со слични на себе, елф по име Ултаир, кој за себе вели дека е заштитник на шумата и се обидува да ги спаси опожарените дрвја. Исто така, се покажува дека тој многу добро го знае нејзиното потекло: „Ти, Алмина, ја наследи елфската половина од еден од твоите родители. Тоа значи дека имаш скриена моќ, а јас сум тука да ти помогнам да ја ослободиш таа моќ" (44). И навистина, Ултаир ќе се заложи да го извлече максимумот од Алмина, не сметајќи дека неговото инсистирање да ѝ навлезе во мислите со својата телепатска моќ, ќе заврши погубно за него. Но, тој момент е значаен, зашто Алмина сфаќа дека поседува некоја голема деструктивна сила која се активира во состојба на гнев: „Додека Алмина стоеше исправено, сите карпи и камења во нејзина близина почнаа да вибрираат. Изгледаше како цела планина да се тресе. За момент Алмина се запраша од каде доаѓа оваа сила, помисли дека е земјотрес. Но потоа ѝ стана кристално јасно. Таа го предизвикуваше ова. Карпите и камењата еден по еден се креваа кон небото. Малата точка која ја гледаше како Ултаир оддалеку, сега ја гледаше кристално чисто, како одеднаш нејзините очи да добиле вид на сокол. Концентрирајќи се само на фигурата на Ултаир, ги насочи сите камења кон него. И сите до еден како да ја слушаа секоја нејзина наредба, се упатија токму кон него" (63). Средбата на Алмина е важна и од друг аспект, зашто токму кога се наоѓа во скриениот дел од шумата, каде Ултаир треба да ја тренира како да ја ослободи својата скриена моќ. А дека Алмина има посебни моќи, укажува и претскажувачкиот сон во кој таа ќе ја сонува својата смрт, на бојно поле додека спасува непознат човек и тогаш ќе го почувствува ударот од стрела во грбот, упатена од девојка со сино-виолетова коса. За таа девојка, подоцна Алмина ќе се посомнева дека е Галисин, девојката која ја убива во сонот.

Средбата на Алмина и Ултаир е посебно важна за понатамошниот тек на раскажувачкото дејство, зашто на сцена ја воведува кралицата на Ултаир – Лиана, владетелката на Аритес. Аритес е предел во централниот дел на царството Атанара, со кое владее лошата владетелка. Всушност, Лиана е ликот/протагонист од чија гледна точка читателите добиваат информации за целокупната организација на кралството, за минатите битки, како и за главните протагонисти со посебни моќи. Од тука одзнаваме дека таа ја именува Алмина со бројот четири, а знае и за постоењето на Нимуе и Дејмон кои ги именува како еден и два. Од нејзините размисли, дознаваме дека околу Аритес постои непробоен заштитен штит, кој можат да го пробијат само ако заедно се активираат моќите на петте млади луѓе. Овој штит бил направен од претходната кралица, и иако ги штити жителите на Аритес од надворешниот свет, се чини дека таквиот "рај" не е многу пожелен: „Затоа ѝ требаа тие петмина живи. Лиана веруваше дека овие пет души беа оние за кои пророштвото на Аритес зборуваше. Ѝ требаше нивната моќ. Затоа не може да се телепортираат низ штитот дури ни жителите однатре. Штитот претставуваше целосна изолација и камуфлажа, надвор од сегашниот свет. Како Аритес да претставуваше свет сам за себе“ (67). Се покажува дека заради повремените акции на Нимуе, Дејмон и Алмина, и синергијата на нивните моќи, заштитниот штит попушта и постои опасност да биде пробиен. Се разбира, Лиана сака таа да го контролира тоа, па му наредува на нејзиниот генерал Арчер да ја однесе Алмина до границата на штитот со надворешниот свет. Притоа, се случува неочекуваното. Арчер кој, исто така, е покорен елф во претходната војна со Лиана, кого сега таа го користи и како роб за задоволување на своите страсти, уште на прв поглед ќе ја почувствува енергијата на Алмина: „И тогаш ја здогледа. Најубавото, најнежното женско тело што некогаш го здогледал. Држењето на нејзиното тело, кратката црна коса, сè му изгледаше некако познато. Како да ја познава цел живот (...) И иако немаа проговорено ни збор и првпат во животот Арчер ја здогледа, тој беше сигурен. Таа беше неговата сродна душа“ (71).

Она по што се издвојуваат сите протагонисти надарени со магиски моќи, се тетоважите кои ги имаат на одредени делови од телото, и, кои, зачудувачки се прошируваат и ја менуваат положбата. Кај некои од нив, тие тетоважи почнуваат од еден прст (Алмина), за да со секоја активација на моќта, тетоважата се проширува. Се покажува дека и елфот Арчер има таква тетоважа, за која е свесна и Лиана, па постојано го следи нејзиното ширење по телото, што станува особено евидентно по неговата средба со Алмина: „Во тој момент тетоважата на Арчер продолжи да се движи од подлактиците, па сè до дланките. На едната рака му се оцрта ноќното небо со ѕвездите, а на другата сонцето. Во истиот момент на нејзината лева рака се појави тетоважа слична на неговата, но нејзината го претставуваше ноќното небо со месечината“ (71). Самиот тек на тоа нејзино иследување ја покажува како студена, сурова, мазохистички настроена владетелка, која по поробувањето на народот на Арчер, иако него го задржува како свој генерал, го обезличува и понижува со тоа што му ја отсекува долгата коса, а потоа мазохистички се наслaдува додека ја набљудува тетоважата на неговото голо тело пред огледалото, за на крај да му нареди и да ја задоволи во креветот. Од тие причини, Арчер ја мрази од дното на душата, особено затоа што веќе педесет години е во нејзина служба (елфовите се долговечни!). Освен што е долговечен, тој има и други способности: „Со неговата елфска моќ и брзина тој трчаше еден километар, како да се сто метри“ (71). И овде се открива дека и Лиана има маѓепснички моќи, зашто на одбивањето на Арчер да признае што/кој толку го возбудило за да му се прошири тетоважата, таа му ја брише меморијата: „Бела светлина почна да излегува од рацете на маѓепсничката. Се слеваше по подот и го обвиваше Арчер. –Што правиш? Знај дека што и да направиш, расипана вештерке, мојата душа секогаш ќе знае кого сака! –се спротивставуваше Арчер сè додека не се онесвести од магијата што навлегуваше во него“ (85). Утредента веќе, Арчер е потполно друга личност, повторно ропски приврзан кон Лиана.

Откако Арчер ја остава Алмина на Нимуе и Дејмон, сите тројца се упатуваат во Скиртабел, во дворецот Гринкип. Името на тој што ја донел – Арчер ѝ звучи познато. Таа ќе биде изненадена од демонстрацијата на Дејмоновата моќ при палењето оган и тоа ѝ изгледа неверојатно, но Дејмон ѝ укажува дека и нејзината новонастаната тетоважа укажува на некаква моќ, која таа во тој момент не сака да ја открие.

Во последниот дел од романот се случува средбата/обединувањето на сите овие млади луѓе и нивните моќи кои ги обединува омразата кон Шол'лоз. Нимуе, Дејмон и Алмина се упатуваат во Гринкип, каде во меѓувреме се запознаваме со уште еден магичен протагонист,

слуга на Ејпокс - Скринџ. Од разговорот меѓу Галесин и Скринџ дознаваме дека Скринџ е суштество од семејството Мирини, раса предодредена за слуги на луѓето, и со специфична кожа: „Но, во расата Мирини постојат и такви што не сакаат да помагаат и прават пакости. Лесно се препознатливи по црната боја на нивната кожа( ...) Секој Мирин кога ќе наполни дваесет години, осум месеци, четири дена и шест часа, го испраќаат кај човекот на кој треба да му служи“ (93). Имено, овие суштества ја менуваат бојата на кожата на телото зависно од расположението: „Суштеството беше помало од џуџе и тенко како игла. Имаше шилести уши, малечки темни очи и густи веѓи. Носеше тенки очила, во облик на полумесечини на големиот, грбав нос. Имаше само едно перче коса, кое му стрчеше нагоре и беше целосно портокалово. Бојата на кожата му беше кремава и беше слична на распарталената мантија што ја носеше“ (77-78).

Кога дружината пристигнува во Гринкип, таму ги пречекува Галесин, која ги известува дека Ејпокс заминал во дворецот на Шол'лоз, за тој да не се посомнева во него. Всушност, вистинската причина заради која Ејпокс се враќа кај Шол'лоз е што таму е сокриена последната книга (од страна на Скринџ) во која е наведена историјата на царството Атанара. Скринџ добил наредба од неговиот претходен господар Шол'лоз да ги изгори сите книги, но Скринџ ја поштедил само оваа книга. Заради нејзиното големо значење за Ејпокс и потрагата по одговорите кои им фалат, Ејпокс се решава на ризичен чекор - да се врати кај Шол'лоз под маската на покорност и почит за да ја пронајде сокриената книга во замокот на Шол'лоз: „Скринџ се сеќава. Скринџ ја стави во писарската соба на стариот господар. Броејќи од вратата, одејќи кон терасата, Скринџ ја стави под дваесет и осмиот камен“ (80). И покрај вербата дека ќе успее, Шол'лоз му поставува замка на Ејпокс, и со помош на послаб отров – го заробува. Во занданата Ејпокс ќе биде подложен на сурови измачувања, колку физички, но уште повеќе психички. Имено, овде читателите се среќаваат со едно митско суштество, суштество со натприродни способности, кое има моќ да навлезе во потсвеста и сеќавањата на личноста и да се преобрази во некоја мртва личност од неговиот живот: „Китсуне може да заземе форма само на умрените. Не може да преземе форма на жив човек. Суштеството целосно се води по мозокот на човекот што го напаѓа. А ако тој човек нема мемории, нема ништо, ако тој е сам, тој нема слабост“ (138). Во случајот со Ејпокс, суштеството наречено Китсуне се преобразува во неговата некогашна мртва девојка - Камелија: „Беше сречен што ја гледа. Навистина среќен што ја гледа. Не му беше важно каде била досега, не му беше важно како дошла и зошто е тука. Му беше важно само тоа дека таа е тука“ (115). Додека демонскиот лик на Китсуне со гласот на Камелија му ја заматува свеста на Ејпокс, до него полека, но сигурно навираат зборови на поддршка и утеха: „Ејпокс. Не предавај се. ... Ејпокс, те молам. Издржи. Ти можеш. Биди силен...Не попуштај. Ти го можеш тоа. Твојата душа го може тоа...Држи се. Јас сум со тебе. Јас секогаш сум со тебе...Ејпокс, не заминувај. Потребен си ни. Доаѓаме по тебе. Верувај ми... Не давај се. Знам дека боли. Но издржи. Уште малку...“ (116-118). Подоцна се разоткрива дека уште додека бил измачуван, Галисин ја чувствува секоја негова болка, и како своевиден медиум, ја чувствува дури и миризбата на неговото изгорено месо, па го слуша дури и заводничкиот глас на Китсуне (Камелија): „Тоа ги објаснува моите чувства и сетила. Видов во еден момент. И слушнав женски глас. Зошто го чувствувам и го гледам тоа, Ејпокс? Како да бев таму со тебе... – Навистина како да беше таму. Цело време слушав женски глас, во моментот не знаев чиј е. Но сега сум сигурен Гал. Тоа беше твојот глас. Ти ме извлече“ (155).

Благодарение на интригата која ќе ја сплетат Скринџ и Дејмон, во која Дејмон глуми заробеник на Скринџ, како и со безрезервната помош од некогашните пријатели на Дејмон –Греј и Даниел, успеваат да го спасат Ејпокс од ќелијата. При бегството повторно ќе се појави суштеството Китсуне кое ќе го прободе Дејмон во грб, преправајќи се во ликот на неговата мртва мајка, но се случува интересна сцена кога Китсуне ќе остане збунета при средбата со Греј.

Интересен се покажува ликот на Греј Свенд, кој сам се осветлува: „Тој беше сирак. Немаше родители, или барем мислеше дека нема. Не се сеќаваше на ништо од пред неговата седма година. Првата меморија што ја имаше за себе, почнуваше од будењето во собата на Дејмон. Стражарите го беа нашле пред портите на дворецот без свест, па Дејмон им рекол да го однесат во неговата соба. Не си го знаеше ни името. Дејмон го крсти Греј поради неговите сиви очи, кои беа во силен контраст со неговата црна, како на гавран коса“ (138). Токму мистериозното потекло на Греј, ќе ја оневозможат Китсуне да го запоседне Греј, но од сцената на нивната средба, таа како и да не го посакува тоа. Уште позагадочен е поздравот што му го

упатува на заминување: „Ќе се сретнеме повторно, принцу“, по што и самиот Греј не знае кого Китсунеословува со *принцу*, дали него или Дејмон.

Овде се открива уште една чудесна моќ на Миринот Скринц, а тоа е моќта за лекување: „Бела светлина излезе од рацете на малиот. Раната на грбот на Дејмон полека почна да се затвора. Но кожата на Ејпокс...или таму каде што требаше да има кожа, не се поместуваше од состојбата во која се наоѓаше. (...) Раната на Дејмон целосно се затвори, остана само мала бела лузна... Го допре Ејпокс, дишењето му се враќаше во нормала, ќе преживее, но нема да се разбуди барем уште неколку дена и лузните ќе му останат цел живот“ (139).

Во меѓувреме, во Гринкип, Алмина ја учи Галисин да стрела, и во тој миг ѝ навираат спомените од грозоморниот сон во кој ја сонува сопствената смрт од стрела, па се прашува дали можеби Галисин е нејзиниот убиец. Своите сомнежи и стравови ѝ ги доверува на Нимуе, која ќе ја одведе кај гратската претскажувачка: „Претскажувачката излезе од задниот дел на шаторот. Беше ниска, изгледаше како да има повеќе од сто години, но ставот со кој се држеше ѝ Уште на влезот, претскажувачката им се обраќа со зборот „наследници“ и се чини дека многу добро ги знае и по изглед и по карактер, иако се сигурни дека никогаш се немаат запознато. Од кај неа се враќаат со повеќе прашања отколку одговори.

Во следната глава, дејството се префрла во замокот на Шол̓ лоз каде тој дознава за бегството на Ејпокс, по што решава да го нападне Гринкип и слободната држава на Ејпокс. Оттука паѓа наредбата која ја издава Шол̓ лоз на генералот Стегхол да ја подготви војската за напад по пет дена. Генералот открива дека и неговото семејство е таму, по што Шол̓ лоз му на Овде се открива уште една нечовечка особина на владетелот, зашто се открива дека тој владее со своите поданици под притисок и уцена, така што сите тие му служат затоа што им ги заробил жените и децата. Меѓу заробените е и Еванцелин, жената на Греј, која во моментот е и бремена. За нејзината бременост не знае дури ни Греј. И покрај настојувањето на  Шол̓ лоз да му се одмазди на Греј преку Еванцелин, таа, сепак навреме успева да побегне од неговата зандана, при што, на нејзино огромно изненадување, ќе ѝ помогне Китсуне. Овде повторно се потврдува претходно кажаното, за некаква тајна поврзана со Греј која ја знае само митското суштество Китсуне: „Девојката се заврте. Здивот ѝ застана од страв кога виде кој ѝ помага. Тоа беше суштеството од легендите. Китсуне. Очите ѝ беа златни. Лицето бледо, а усните полни, црвени. Беше прекрасна. – Верувам дека не морам да ти се претставувам сега кога го виде мојот лик. Ти си бремена, затоа ти помагам, заради чудото кое го носиш во себе. Дете на семоќниот“ (160).

И покрај желбата на Китсуне, да ѝ помогне на Еванцелин и да ги спои со Греј, се покажува дека Шол̓ лоз не си опстојува на зборот и го започнува нападот на Скиртабел пред најавениот рок од пет дена. На денот на нападот, иако Шол̓ лоз смета на елементот на изненадување, сепак младите луѓе знаат за нападот од нивните пријатели на страната на Шол̓ лоз. Она на што тие не сметаат дека, настојувајќи да ја пренесе Еванцелин кај Греј, тие со Китсуне ќе бидат фатени, по што Китсуне ќе биде убиена. И во мигот на смртта, Китсуне бара прошка од Еванцелин, како да ја изневерила на некој начин. Во мигот кога Греј на најлошиот можен начин дознава дека Еванцелин е бремена, и тој ја открива својата моќ: „Греј се замрзна. Се радуваше, многу, ако беше вистина тоа што го зборува. Но во исто време гневот му порасна уште за седумдесет проценти... Му се исклучи мозокот. Само лутината беше пред него. Не можеше да размислува за ништо. Лутината цело време растеше во него. Ако ова беше лутина. Премногу беше моќно. Ја погледна Лин, погледна во нејзиниот стомак. Го погледна Шол̓ лоз директно в очи. И трепна. Во тој момент сто и педесет души од војската на Шол̓лоз паднаа како да се мртви на земјата“ (179).

Крајот на романот го означува и конечното истребување на непријателот, Шол̓лоз  и неговата војска, а тоа ќе успеат да го направат наследниците со формирање на круг со своите раце со што ги обединуваат своите моќи: „Сите ги споија рацете. Нимуе и Дејмон се сконцентрираа. Алмина исто така. Ејпокс и Греј ги следеа другите и ги затворија очите. Непробоен штит се оформи околу нив. – *Paworiculum bindium*!- викнаа Нимуе и Дејмон заедно. Блесна бела светлина. Секој од нив почувствува неверојатен излив на моќ. За момент не се гледаше ништо. Само силна експлозија се слушна во далечината. Ги отворија очите. Шол̓лоз и неговата војска никаде ги немаше. Но сега можеа да видат нешто друго. Невидливата бариера во Аритес се беше претворила во прав“ (181).

## ЗАКЛУЧОК

Во претходната елаборација веќе објаснивме зошто романот „Мраз во пламенот“ од младата авторка Евгенија Н. Веровска можеме да го идентификуваме како дело од жанрот епска фантастика за млади. Во теоријата на литературата постојат мноштво искажувања за карактеристиките на епската фантастика. Овде ги издвојуваме оние кои се во согласност со погоретолкуваниот роман. Така, Dillon Waggoner издвојува шест елементи кои ја сочинуваат наративната структура на делата од епската фантастика: патувањето, херојот, конфликтот меѓу доброто и злото, волшебен/маѓепсан свет, авантура и враќањето.[12] Сите главни протагонисти во романот на Веровска тргнуваат на патување поттикнати од една иста причина – омразата кон Шол'лоз, зашто како што вели Danehy, без разлика како се отвора приказната, таа скоро секогаш започнува со "повик во авантура" кога се поставува изборот пред херојот. Нивната омраза е нивниот „повик во авантура“, на кој тие не можат да му одолеат. [13]

Традиционалните индикатори за епска фантастика вклучуваат првенствено поставување на измислен свет и употреба на специфични внатрешни правила и логика. Некои типични карактеристики од епската фантастика вклучуваат фантастични ликови, магија или маѓепсништво/волшепство, измислени јазици, патување/потрага, теми за адолесценти и различни наративи. Детално прикажаните светови од епската фантастика може повеќе или помалку тесно да се засноваат на реалниот свет или на легенди, измислени или паралелни светови кои се засенчуваат во алтернативна историја. Нелинеарното раскажување е уште еден важен аспект. Сосема е вообичаено во епската фантастика да се испреплетуваат бројни настани истовремено и паралелно. Доста често, ликовите почнуваат да дејствуваат заедно, отколку што се раздвојуваат и отфрлаат. Така, читателот следи голем број приказни, на крајот исткаени во еден јазол. Во традиционалната епска фантастика, повеќето приказни се раскажани од гледна точка на еден главен херој. Исто така, често има свесен, мистичен учител, поврзан со јунгскиот архетип на мудар старец.[14] Големината на прикажаните настани обично се изразува во сите погледи - географски (дејството опфаќа земја, континент, цел свет или неколку светови), хронолошки (авантурите траат со месеци, години, векови), квантитативно (ликовите не убиваат само еден змеј или демон - се работи за десетици и стотици) и ситуационално (гигантските војски се судираат во жестоки битки, универзалното Зло ја враќа својата моќ.

Друга суштинска карактеристика е идејата за фундаментално спротивставување помеѓу доброто и злото. Р. Хелмс забележува дека фантазистот е ограничен во „светиот антагонизам“, ликовите можат да бидат во исто време добри или лоши, бели или црни, не постои златната средина[15]. Во сфаќањето на суштината на епската фантастика, Доналдсон ја применува антрополошката теорија, и според него метафоричката природа на епската фантастика ги поврзува луѓето дури и ако јазикот, културата, расата, географските и историските аспекти се различни. Ова се случува затоа што човештвото споделува нешто заедничко: соништата. Како што нагласува авторот, соништата можат да го натераат човекот „да го сподели своите стравови,

---

12 Waggoner, Dillon. *The Six Elements of Fantasy Epic*, 2014, Ball State University, Undergraduate senior honors thesis. http://liblink.bsu.edu/catkey/1746099 , 19.01.2022.

13 Danehy, Erin F. *Girls Who Save the World: The Female Hero in Young Adult Fantasy*, Carnegie Mellon University, Dietrich College of Humanities and Social Sciences, Dietrich College Honors Theses, 2007, https://citeseerx.ist.psu.edu/viewdoc/download?doi=10.1.1.866.9170&rep=rep1&type=pdf, 19.01.2022

14 Pavelyeva A. K, Lysanets Yu. V, (2018). *Style and narration in the epic fantasy: Tradition ans subversion*, PSMU Електронний архів Полтавського державного медичного університету , Кафедра іноземних мов з латинською мовою та медичною термінологією, http://repository.pdmu.edu.ua/handle/123456789/8165, (17.01.2022),

15 Pavelyeva A. K, Lysanets Yu. V, *Style and narration in the epic fantasy: Tradition ans subversion*, PSMU Електронний архів Полтавського державного медичного університету , Кафедра іноземних мов з латинською мовою та медичною термінологією, 2018, http://repository.pdmu.edu.ua/handle/123456789/8165, (17.01.2022),

моќи, ирационални возбуди, закани, разделени љубови и маки.[16] На овој начин, јунакот во епската фантастика станува носител на колективната свест и совест. Според Лукас, епскиот херој, строго кажано, никогаш не е индивидуалец. Традиционално се смета дека една од суштинските карактеристики на епот е фактот дека неговата тема не е лична судбина туку судбината на заедница. Во оваа перспектива, епскиот херој има должност да се постигне она што не е само поврзано со лични прашања, туку што исто така се одразува ситуација на целата заедница.[17]

Од погоре елаборираното, се виде дека светот во кој се одвива дејството на романот на Веровска е кралството Атанара, од чии различни царства/места се обединуваат различните протагонисти. Освен омразата кон новиот владетел и борбата против Злото, нив ги обединуваат и натприродни моќи кои ги поседуваат и за кои во почетокот и не се свесни. Скоро сите на почетокот делуваат самостојно а подоцна се обединуваат и повеќето делуваат во парови. Нивните моќи ја потврдуваат поврзаноста со чудесното, а во подзасилување на тој факт се и други елементи во делото, како ликот на мaѓепсничката Китсуне, еден вид митско суштество, која може да презема облик на мртви луѓе и таа ја покажува врската на ова дело со митологијата, како еден медиум со светот на мртвите кој поседува длабоки знаења за минатото и иднината на протагонистите, особено за мистериозното потекло на Греј Свенд. Во таа функција се јавува и гратската претскажувачка кај која во Гринкип ќе појдат Алмина и Нимуе. Своевидна маѓепсничка е и кралицата Лиана која има моќ да брише меморија, да дејствува сугестивно, што се покажува во случајот со Арчер. Секако, во тој контекст е и суштеството, Миринот – Скринџ, кој има моќ да лекува рани/повреди кај луѓето. Само на едно место во романот се спомнува настојувањето на Шол'лоз да дојде до некаква „тајна состојка за бесмртност“. Во подзасилување на елементот на чудесноста на романот е и ликот на Ултаир кој по пат на телепатија ѝ ги чита мислите на Алмина, а не треба да се занемари и нејзиниот претскажувачки сон за сопствената насилна смрт.

И на крај, целата слика на овој прв дел од серијалот „Наследници“ на Евгенија Веровска, во чија рамка егзистираат митски суштества, волшебнички, претскажувачки, елфови се заокружува со натприродните моќи на петте наследници на кралството. Сите тие имаат соодветни тетоважи на своите тела кои се „живи“ се движат, се менуваат или сјаат, зависно од моќта на тој што ја носи. Таква е и живата мапа по замокот на Ејпокс, а во таа функција, вредно за спомнување е и фактот што авторката во своето дело како додаток, вметнала мапа на целото кралство Атанара со сите негови составни делови/области. Со додавањето на вакви додатоци, според тврдењето на некои теоретичари, авторите на епска фантастика, на своите дела има даваат „вкус на автентичност“.[18]

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Danehy, Erin F. (2007). Girls Who Save the World: The Female Hero in Young Adult Fantasy, Carnegie Mellon University, Dietrich College of Humanities and Social Sciences, Dietrich College Honors Theses, https://citeseerx.ist.psu.edu/viewdoc/download?doi=10.1.1.866.9170&rep=rep1&type=pdf, accessed on 19.01.2022
2. Donaldson, Stephen, Epic Fantasy: Necessary Literature. In: The New York Review of Science Fiction, 2015. Available at: http://www.nyrsf.com/2015/03/fantasy-is- the-most-


[16] Donaldson, Stephen, *Epic Fantasy: Necessary Literature*. In: The New York Review of Science Fiction, 2015. Available at: http://www.nyrsf.com/2015/03/fantasy-is- the-most-intelligent-precise-and-accurate-means-of-arriving-at-the-05thtruth-s-p.html . Accessed on 17.01.2022.

[17] Lukás, G. *Theory of the Novel. A Historic-Philosophical Essay on the Forms of Great Epic Literature*. Trad. Anna Bostock. Cambridge: The Mit Press, 1983

[18] Pavelyeva A. K, Lysanets Yu. V, (2018). Style and narration in the epic fantasy: Tradition ans subversion, PSMU Електронний архів Полтавського державного медичного університету , Кафедра іноземних мов з латинською мовою та медичною термінологією, http://repository.pdmu.edu.ua/handle/123456789/8165, (accessed od 17.01.2022),

intelligent-precise-and-accurate-means-of-arriving-at-the-05thtruth-s-p.html . Accessed on 17.01.2022.

3. Egoff, Sheila, Worlds Within: Children’s Fantasy from the Middle Ages to Today. Chicago: American Library Association, 1988, p.6.
4. Frank, Roberta, (1984). Viking Atrocity and Skaldic Verse: The Rite of the Blood-Eagle, The English Historical Review, Vol. 99, No. 391 (Apr., 1984), pp. 332-343.
5. Henson, Leah, (2020), From the Shadows: Setting as an Expression of Character Development in the Epic Fantasy Genre, A Senior Thesis submitted in partial fulfillment of the requirements for graduation in the Honors Program, Liberty University, Spring 2020. https://digitalcommons.liberty.edu/honors/956/ (accessed on 17.01.2022)
6. Lukás, G. Theory of the Novel. A Historic-Philosophical Essay on the Forms of Great Epic Literature. Trad. Anna Bostock. Cambridge: The Mit Press, 1983
7. Mathews, Richard. Fantasy: The Liberation of Imagination. Routledge, New York, 2002.
8. McKenna, Alexandra, Broom, John. (2014). Norsemen and Vikings: The culture that inspired decades of fear, Introduction to Historiography and Method, The 2014 WEI International Academic Conference Proceedings New Orleans, USA https://www.westeastinstitute.com/wp-content/uploads/2014/11/Alexandra-Mckenna2.pdf , 30.09.2021
9. Pavelyeva A. K, Lysanets Yu. V, (2018). Style and narration in the epic fantasy: Tradition ans subversion, PSMU Електронний архів Полтавського державного медичного університету , Кафедра іноземних мов з латинською мовою та медичною термінологією, http://repository.pdmu.edu.ua/handle/123456789/8165, (accessed od 17.01.2022),
10. Silveira, D. Tiago Santuário, (2015), The Role of John Milton’s Paradise Lost in delineating the Epic through fantasy in Philip Pullman’s His Dark Materials. 2015, 47, Trabalho de Conclusгo de Curso (Licenciatura em Letras Portuguкs Inglкs) - Universidade Tecnolуgica Federal do Paranб. Curitiba, http://repositorio.utfpr.edu.br/jspui/bitstream/1/8927/1/CT_COLET_2015_2_15.pdf, accessed on 17.01.2022)
11. Smith, Karen Patricia. “Tradition, Transformation, and the Bold Emergence: Fantastic Legacy and Pullman.s His Dark Materials.” His Dark Materials Illuminated: Critical Essays on Philip Pullman’s Trilogy. Ed. Millicent Lenz and Carole Scott. Detroit: Wayne State UP, 2005. 135-151.
12. Winroth, Anders, (2014). The Age of the Vikings, Princeton University Press.
13. Веровска, Н.Евгенија, (2021). Мраз во пламенот, Муза, Скопје.
14. „Крвавиот орел“, најстрашниот метод на тортура што го користеле Викинзите. Легенда или вистина? https://mk.koshachek.com/articles/krvskiot-orel-najuzhasniot-metod-na-tortura-shto.html, пристапено на 29.09.2021